# **Р Е Ф Е Р А Т**

Со писмо (одлука) број 03-161 од 10.03.2011 известени сме дека Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк на седницата одржана на ден 07.03.2011 донесе одлука со која не избра за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник по група стручно уметнички предмети од обласа на Филмска и ТВ Камера во наставно научно звање Вонреден Професор на Факултетот за филмски уметности**.**

На конкурсот за избор на наставник во наставно научно звање Вонреден Професор на Факултетот за филмски уметности од областа на Филмска и ТВ Камера при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, објавен на 19-20.02.2011 во весникот *Утрински весник,* се пријави и поднесе документација еден кандидат: М-р. Горан Наумовски. Заблагодарувајќи се на довербата, формиранатa Рецензентска комисија, во состав Ред. Проф. Владо Цветановски, Вон. Проф. Јордан Пановски, и Вон. Проф. Дејан Пројковски, врз основа на увидот во документите и објавените научно-истражувачки и уметнички трудови, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕСРА - Париз Скопје Њујорк да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Еден од најталентираните сниматели во својата генерација, Горан Наумовски, е роден во Битола, на 25.10. 1973 година. Медиумот на филмот го има фасцинирано од најрани години. Но дури откако камерата со која ракуваше требаше да регистрира некој нов, но неотповиклив факт, нечија туѓа визија со која мора да се сроди и да ја објективира, тој стана свесен на подвигот што му претстои: да открие еден нов универзум обвистинет единствено низ неговата камера. На Горан Наумовски не му беше тешко да созрее во мајстор на камерата и да ги остави зад себе импровизациите кои можат да и донесат на фантазијата многу радости но да не му понудат на духот ниедна нова вистина, било таа да му нанесе болка или да го награди со чувство на среќа.

Горан Наумовски не увери во таа своја творечка зрелост уште во самиот почеток на својата професионална дејност со камерата. ТВ филмот “Панкот не е мртов”, ни во еден момент не не остави да се посомневаме во конзистентноста на снимателската техника што тој ја совлада. Таа се поистоветуваше со поведението на ликовите, предметите и амбиентот во кој се одигрува дејствието.

Неговите студии во софиската Академија за филм и театар “Крсто Сарафов”, му откри нови можности и слободи за развој на неговиот талент. Во играниот филм “Егзекуција”, работен како омнибус од три стории, неговата перцепција на најдискретните промени што се појавуваат на лицето на актерот, не потсетија на поуките на класиците во кои сјајот на очите, грчот на усните, свиокот на веѓите ни ја откриваат човечката душа.

Горан Наумовски ќе продолжи да го изучува човечкото тело, неговите движења, претпазливоста или фуриозноста со која прифаќа некоја акција, понекогаш ве потсетуваат на испитувачките набљудувања на психоаналитичарот (филмот "Ферецето на среќата"). Во следната пригода неговата камера се претвора во весел соучесник на славењата, паразнувањата, игрите и танците (документарниот филм "Празник"), или во објективен набљудувач кој се дистанцира од објектот на својот интерес (документарниот серијал "Обреди на премин").

Но стилистичката воедначеност во делата на Горан Наумовски, сеедно дали тие им припаѓаат на играните, документарните или репортажните жанрови, не ни го претставува овој талентиран снимател во светлина на интерпретативен субјект кој се повторува од една во друга ситуација со истонепроменето клише. Неговите крупни планови, зумови или панорами се само стилистички сродни, но тие по правило откриваат некој нов аспект на нашата сензитивност, духовност или чувственост. Горан Наумовски очигледно уште во раната младост ја одгонетна поетиката на авторот како индивидуа која со ист интензитет страда, ја проповеда силата на љубовта, се смее со невина непосредност на тривијалноста, како што стоички ги поднесува поразите.

Тие особини му се подеднакво блиски на поетот, на неимарот, но и на педагогот, квалитет кој ни дава слобода и право врз основа на неговиот тригодишен ангажман како Доцент на Универзитетот за аудиовизуелни umetnosti ESRA по предмети од областа на Филмската и ТВ Камера, да го предложиме Горан Наумовски за избор во звање Вонреден професор на катедрата по Филмска и ТВ Камера на Универзитетот за аудио-визуелни уметности, Европска филмска академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк.

Рецензентска комисија:

Ред. Проф. Владо Цветановски,

Вон. Проф. Јордан Пановски,

Вон. Проф. Дејан Пројковски